ГРАД СКОПЈЕ
Секретар

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

Наш број: 09-6423/1
26-05-2026
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Секретарот на Град Скопје донесе

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас за пополнување на работно место со унапредување број 04/2026, за извршител на работното место Советник за финансиско сметководство, со шифра УПР0101В01000, на ниво В1 во Одделението за сметководство и плаќање, Сектор за финансиски прашања, се избира кандидатот **Мирсад Мустафи.**
2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 15.05.2026 година на интернет страната на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас за пополнување работно место со унапредување број 04/2026.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Градоначалникот на Град Скопје бр.09-6350/1 од 22.05.2026 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодување изготви финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Советник за финансиско сметководство, со шифра УПР0101В01000, на ниво В1 во Одделението за сметководство и плаќање, Сектор за финансиски прашања, предложи да се избере кандидатот Мирсад Мустафи.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

Изработил : Розе Сталеска
Контролирал: Валентина Ѓоргиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Секретар**

**Славче Трпески**